РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIMTË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 02-10-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 - 2602/1 | | | |

**Државна комисија за спречување на корупцијата**

**From:** [redacted]
**Sent:** Wednesday, October 2, 2024 9:02 AM
**To:** contact@dksk.org.mk; Adem Cucul
**Subject:** Барање за пристап до информации од јавен карактер
**Attachments:** дкск.jpg

Почитувани, во продолжение Ви испраќам барање за пристап до информации од јавен карактер. Барам во електронска форма да ми ги доставите сите анкетни листови со податоци за имот на лицето Владимир Ѓорчев.

Однапред Ви благодарам.

Со почит,
[redacted]

( Образец ПП......)

До: ДКСК

(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: анкетните листови со податоци за имот на Владимир Горчев за сите функции кои ги извршувал

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 02.10 2024 година.

Потпис [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-2602/2
10-10-2024 г./v

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-2602/1 од 02.10.2024 година, доставено од [redacted], го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-2602/1 од 02.10.2024 година, доставено од [redacted] СЕ УВАЖУВА.

Бараните информации-документи да се достават до барателот на информацијата на начин наведено во барањето по одвојување на податоците заштитени со закон.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата [redacted] до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер (во електронска форма) со кое побара: *„анкетните листови со податоци за имот на Владимир Ѓорчев за сите функции кои ги извршувал"*

По разгледување на барањето ДКСК констатираше дека од страна на лицето [redacted] при избор на функцијата пратеник во Собранието на РМ е доставен анкетен лист заведен под архивски дов бр. 12-150/1 од 28.08.2006 година, анкетен лист за престанок дов бр. 12-150/3 од 12.05.2008 година, анкетен лист при избор на функцијата пратеник во Собранието на РМ е доставен и заведен под архивски дов бр. 12-194/1 од 23.07.2008 година, анкетен лист за престанок бр. 08-194/7 од 10.06.2014 година, анкетен лист при избор на функцијата пратеник во Собранието на РМ е доставен и заведен под архивски дов бр. 08-194/4 од 01.08.2011 година, анкетен лист при избор на функцијата пратеник во

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Собранието на РМ е доставен и заведен под архивски бр. 08-3239/1 од 10.06.2014 година, анкетен лист при избор на функцијата пратеник во Собранието на РМ е доставен на 26.01.2017 година, анкетен лист за престанок бр. 08-853/1 од 26.01.2017 година, образец за промена на имотната состојба и интереси бр. 08-1707/1 од 20.03.2020 година и анкетен лист по престанок на функцијата бр. 08-1707/4 од 09.09.2020 година.

Од увид во анкетните листови заведени со „дов.број" доставени од страна на лицето Владимир Ѓорчев, се констатираше се работи за информација од член 6 став 1 алинеја 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2019), но имајќи го предвид став 3 од истиот член, ДКСК пристапи кон спроведување на тест за штетност.

По спроведениот тест за штетност а во врска со донесениот **ЗАКЛУЧОК** заведен под архивски бр. 02-100/1 од 14.01.2022 година, донесен на колегиумот на ДКСК одржан на 12.01.2022 година, дека сите анкетни листови и изјави на интереси доставени од службени лица до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се заведени под **„дов.бр."**, не претставуваат класифицирани информации, туку се информации од јавен карактер, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, освен податоците заштитени со закон, се утврди дека со објавувањето на документот (анкетен лист) последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на податоците.

Со оглед на тоа што документите содржат лични податоци кои можат да се одвојат без притоа да се загрози неговата безбедност, согласно член 6 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации (ДКСК), ги одвојува тие информации од документите и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.

Лицата кои согласно член 82 и 85 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси имаат обврска да доставуваат изјава за имотна состојба и интереси и промена на имотната состојба и интересите, почнувајќи од 01.01.2024 година, изјавата треба да ја доставуваат преку електронскиот систем за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси.

За функцијата Национален координатор во Владата на РСМ од страна на лицето Владимир Ѓорчев е доставен изјава за имотна состојба и интереси на 30.09.2024 година преку новиот систем за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси на 03.06.2024 година и истиот е објавен на веб страна на ДКСК на следниот линк: https://registar.dksk.mk/appointed-person/24558 .

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице

Да се достави до:
- подносителот